# Проект финансиран од Европска Унија: „Поддршка на спроведување на законската рамка за управување со отпад и системот на Проширена одговорност на производителите (ПОП)”

Реф. бр. MK 20 IPA EN 01 22- R

Законска рамка

# Законска рамка



Закон за управување со отпадот

Закон за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад

Закон за пакување и отпад од пакување

Закон за електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема

Закон за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори

Закон за дополнителни текови на отпадот во системот за проширена одговорност на производителот

# Генерално сите 6 закони даваат сет на мерки кои:

- водат кон кружна економија
- го поттикнува собирањето и третманот на отпадот
- овозможува солидна основа за развој на управувањето со отпадот
- ја подигнува одговорноста на производителот
- придонесува во намалување на создавањето на отпадот
- поттикнува еко дизајн на производите



# ЗАКОН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ

(Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 216/2021)

- Со овој закон се врши усогласување со Директивата 2008/98/ЕС на Европскиот Парламент и на Советот од 19 Ноември 2008 за отпад и укинување на одредени директиви (CELEX бр. 32008L0098)




# Новиот Закон за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (ЗПОП)

е објавен во Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 215 од 16 Септември 2021 година

# ЦЕЛ НА ЗАКОНОТ

Да се уредат генерално обврските кои се однесуваат на производителите без оглед на текот на отпад во однос на:

- видот на одговорноста на производителите по завршувањето на фазата на консумирање на производите што ги пуштиле на пазарот;
- начинот на нејзиното остварување заради собирање, преработка и рециклирање на посебните текови на отпад што ги создале производителите со пуштањето на своите производи на пазар;
- условите, постапката и начинот на организирање заради остварување на проширената одговорност;
- обезбедување на точни и ревидирани податоци за количината на производите;
- условите и начинот на финансирање на мерките;
- правата и обврските на општините и другите субјекти кои имаат удел во постапувањето со посебните текови на отпад и
- други прашања што се од важност за навремено и целосно остварување на проширената одговорност на производителите.

# Примена на Законот

Овој закон се однесува на правни лица кои вршат дејности или активности со кои се врши пласирање на производи на пазарот со чија употреба се создава отпад кој припаѓа на посебните текови на отпад (батерии и акумулатори, пакување, електрична и електронска опрема, гуми, масла, текстил и возила).

обврска да преземаат дополнителни мерки и активности дефинирани во овој закон и со законите за посебните текови на отпад во насока на собирање, преработка и рециклирање на отпадот и учество во постигнување на националните цели во РСМ кои се дефинирани со посебните закони.

# Дефиниции

**Проширена одговорност на производителот** збир на правила и постапки за производителите кои треба да ги преземат (обврски за финансирање и презема дополнителни мерки за грижа за производот и мерки за управување).

**„Производител“** е лице кое врши дејности или активности со кои за првпат пушта одделни производи на пазарот во Република Северна Македонија или увезува како краен корисник стоки, со чија употреба се создаваат отпадни производи што припаѓаат на посебните текови на отпад и поради тоа, во споредба со другите правни лица кои пуштаат производи на пазарот, има обврска да преземе дополнителни мерки на одговорност, како и да применува посебни правила на управување со посебните текови на отпад за да создаде услови за обезбедување на максимална количина на собирање, повторна употреба, преработка и рециклирање на посебните текови на отпад согласно со својот удел на пазарот, кои се уредени со овој закон и со прописите за посебните текови на отпад;

**Посебен тек на отпад** е вкупното количество на отпад кој припаѓа на одредена на една група којшто настанува со употреба на одделни видови на производи пуштени на пазарот во РСМ.

**Вид на посебен тек** е отпад што припаѓа на иста група на тек на отпад што настанал од отпадните производи и кој има посебна цел за управување со отпад кој што се однесува на собирање, повторна употреба, преработка и рециклирање согласно посебните текови на отпад

# РЕГИСТРАЦИЈА НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ

Секој производител кој започнува дејност со кој создава отпад од посебните текови на отпад е должен да се регистрира во рок од 15 дена од почетокот на дејноста (член 14 став 1).

Предвидено е електронско поднесување на барањето, но до воспоставување на електронски систем се поднесува писмено барање (член 14 став 2).

Електронскиот систем треба да се воспостави во рок од една година.

Регистарот го води стручниот орган во електронска форма.

Со доставување на барањето автоматски се добива регистрациски број и потврда.

При промена на податоците или со престанување на вршење на дејноста, производителот е должен да достави електронско барање за промена на податоци, стручниот орган издава потврда.

Електронскиот регистар треба да се воспостави најдоцна до 30 јуни 2022 година

Производителите треба да се регистрираат најдоцна до 31 март 2022 година.

# Регистрација на производители регистрирани во странство

01

Производител кој не е регистриран во РСМ

02

Кој пушта производи преку е-трговија кои припаѓаат на посебните текови на отпад

03

Мора да назначи овластен претставник (физичко или правно лице со седиште и дејност) со писмено известување

04

Овластениот претставник е должен да се грижи за спроведување на обврските од законот

Посебни обврски на производителот

# Финансирање на трошоците за проширената одговорност за следните видови на активности:

- Повратен прием на производот и отпадот што настанува од него
- Повторна употреба на отпадниот производ или негов дел
- Одделно собирање
- Транспорт
- Третман, преработка и рециклирање
- Информирање на јавноста за постапувањето со отпадот
- Трошоци за финансиска гаранција
- Трошоци за инвестирање во инфраструктура и редовно собирање и друго

# Остварување на посебните обврски може да се оствари:

- Преку плаќање на надоместок согласно посебните текови на отпад – потврда издава стручниот орган – рок 20 февруари во тековната година
- Самостоен постапувач (освен за пакување) – потврда издава стручниот орган – рок 20 февруари во тековната година
- Колективен постапувач – колективниот постапувач ја издава потврдата – рок 20 февруари во тековната година

✓Потврдата е услов за учество во јавни набавки на органите на централната и локалната власт (доказ за исполнување на обврските за проширена одговорност)

# Договорни производители

Договорен производител е производител кој има **договор со колективен постапувач** за преземање на обврските од проширена одговорност.

Договорниот производител може да биде **основач** или **член** на колективниот постапувач.

Договорот помеѓу договорниот производител и колективниот постапувач се склучува на период од **минимум една фискална година**.

Неисполнувањето на обврските согласно законските прописи од колективниот постапувач **не го ослободува** договорниот производител од одговорност за проширена одговорност.

# Обврски на Договорен производител

- Должен е да ја следи работата на колективниот постапувач, дали ги истиот ги извршува обврските согласно законските прописи
- Солидарно одговара со сопствени средства сразмерно на својот удел во плаќањето на надоместокот на КП доколку имотот на КП не е доволен за исполнување на обврските на колективниот постапувач
- Постапката за подмирување на обврските на колективниот постапувач од договорните производител се врши согласно општите прописи за надомест на штета и облигациони односи.

# Обврски за мал производител (за сите производители)

- Должен е да се регистрира
- Води евиденција и доставува извештај
- до 15 јануари поднесува барање до стручниот орган за добивање на решение за мал производител во кое се наведува и количеството на спакувани стоки која производителот има намера да ја пушти на пазарот во тековната година
- 6000 денари/год. паушал на сметка на МЖСПП.

# Закон за управување со пакување и отпад од пакување „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/2021

**Законот е заснован на досегашниот систем за управување со пакување и отпад од пакување** и на барањата на законодавството на ЕУ за пакување и отпад од пакување

Се врши транспонирање на Директивата 1994/62 на Европскиот Парламент и на Советот за пакување и за отпад од пакување (вклучувајќи ја и последната измена на директивата 2018/852/ЕУ)

## Дефиниции

Пакувањето може да биде:

- продажно или примарно пакување
- групно или секундарно пакување
- транспортно или терцијално пакување



Неповратните предмети кои се користат за истите цели, исто така, ќе се сметаат за пакување



- „Пакување“ се сите производи направени од каков било вид на материјал од која било природа кој се користи за чување, заштита, ракување, испорака и презентирање на стоки, од производителот до корисникот или потрошувачот, без оглед на тоа дали стоката е суровина или готов производ.

# Видови пакувања

„Пакување за повторна употреба“

„Пластични кеси за носење на стоки“

„Композитно пакување“

„Пластика“








Листа на илустративни примери за пакувања (подзаконски акт)



# ЗАБРАНИ



- Се забранува пуштање на пластично пакување за еднократна употреба во угостителските објекти на територијата на заштитените подрачја во Република Северна Македонија.
- Се забранува пуштање на пластични кеси за носење на стоки на пазарот во Република Северна Македонија.
- Многу лесните пластични кеси за носење на стоки се забранети.



# Барања во поглед на идентификација и означување на пакувањето

Означувањето треба да ги содржи следниве податоци:

- видот на материјалот употребен во пакувањето
- можноста за повторна употреба доколку постои и
- можноста за преработка, односно рециклирање доколку постои.

Ознаката треба да биде јасно видлива и лесно читлива при продажбата и при враќањето на пакувањето, издржлива и трајна, дури и кога пакувањето е отворено.







Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична електронска опрема
и
Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори

„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 176 од 3 август 2021 година



**ЕЕО – електрична и електронска опрема**

**ОЕЕО- отпад од електрична и електронска опрема**

**БА – батерии и акумулатори**

**ОБА- отпадни батерии и акумулатори**

Законот се основа на барањата на ЕУ во однос на т.н. ЕУ "WEEE“ пакет кој вклучува:

1. Директива 2012/19 / ЕУ од 4 јули 2012 година за отпадна електрична и електронска опрема; (ОЕЕО)

2. Директива 2011/65/ЕУ од 8 јуни 2011 за ограничување на употреба на одредени опасни супстанци во ЕЕО;

3.Регулатива за спроведување (ЕУ) 2017/699 од 18 април 2017 година за воспоставување на заедничка методологија за пресметка на тежината на ЕЕЕ што се пласира на пазарот на секоја земја-членка и заедничка методологија за пресметка на количината на отпадна ОЕЕО генерирана по тежина;

4. Регулатива за спроведување 2019/290 за воспоставување на форма на регистар и пријавување и известување на производителите на ЕЕО во регистерот.

Законот за ЕЕО и ОЕЕО се заснова на **досегашниот систем за управување** со ЕЕО и ОЕЕО утврден со постојниот Закон

## Закон за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори

Новиот закон го надградува **досегашниот систем за управување** со БА и ОБА утврден со постојниот закон

Во себе ги транспонира новите развои во законодавството од областа на управување со БА и ОБА во ЕУ:

Директива на Европскиот Парламент и на Советот од од 6 септември 2006 година за батерии и акумулатори и за отпадни батерии и акумулатори и за укинување на Директивата 91/157/ЕЕЗ

Директива 2011/65/ЕУ на Европскиот Парламент и на Советот од 8 јуни 2011 година за ограничувањето на употребата на одредени опасни супстанции во електричната и во електронската опрема



Овие обврски производителот може да ги исполни како самостоен постапувач или преку колективен постапувач, согласно со прописите за проширена одговорност на производителот

# Увоз на опрема и увоз на употребена опрема

Царинскиот орган нема да дозволи увоз на ЕЕО или БА без производителот да достави потврда за регистрација и регистрациски број добиени согласно Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.

Доколку производителот увезува употребена ЕЕО или БА во Република Северна Македонија, се применуваат одредбите од овој закон како да станува збор за увоз на нова ЕЕО или БА.

# Обврски за крајните корисници

Крајниот корисник ОЕЕО или ОБА од домаќинствата е должен да ја врати кај трговецот, да ја предаде на собирач во собирен центар или друго место за преземање и собирање, определено на локално односно регионално ниво.

Крајниот корисник, ОЕЕО или ОБАкоја не е отпадна опрема од домаќинствата е должен да ја предаде на производителот или правно лице кои поседуваат соодветна дозвола, согласно прописите за управување со отпад.

Крајниот корисник пред да ја предаде ОЕЕО или ОБА, е должен да ја собере и да ја чува одвоено, за да не се меша со друг вид отпад и да не се ситни или на друг начин уништува или загадува со опасни или други супстанции, при што нејзината повторна употреба или преработка би биле оневозможени.

Отпадната опрема од домаќинствата којашто е толку оштетена, поради што, опасните супстанции содржани во неа, ја загрозуваат или би можеле да ја загрозат животната средина и здравјето на луѓето, односно истата останала без најважните составни делови, или е загадена со друг вид отпад, крајниот корисник е должен да ја предаде во собирен центар, собирно место или инсталација за преработка на отпадна опрема согласно со овој закон.

# Ослободување од плаќање на надоместокот

- Производителите членови на колективен постапувач
- Производителите кои имаат дозвола за самостојно постапување и
- Малиот производител.



Надоместокот не се плаќа и доколку ОЕЕО или ОБА се извезуваат или уништуваат во тековната година, за што производителот треба да достави соодветен доказ.

## Од плаќање на надоместокот се ослободени следниве субјекти:

- производителот и производителот кој како краен корисник увезува опрема доколку имаат склучен договор за преземање на обврски за управување со отпадната опрема со колективен постапувач.
- производителот кој поседува дозвола како самостоен постапувач, и
- производителот определен како мал производител.

# ЗАКОН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДОПОЛНИТЕЛНИ ТЕКОВИ НА ОТПАД

„СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ БР. 216/2021 ГОДИНА

Законот за управување со дополнителни текови на отпад се однесува на **отпадниот текстил, отпадните масла, отпадните гуми и искористените возила.**

Досегашното законодавство со кое се регулираа прашањата за управување со отпадниот текстил, гуми, масла и искористени возила, иако изрично не беше наведено, сепак беше уредено со **Законот за управување со отпадот** („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 68/2004; 71/2004; 107/2007; 102/2008; 143/2008; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 147/2013; 163/2013; 51/2015; 146/2015; 156/2015; 192/2015; 39/2016, 63/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 31/20)

# ПРОИЗВОДИТЕЛ

- **Производител** е секое правно или физичко лице кое произведува и/или увезува производи и прв пат ги пушта на пазарот во Република Северна Македонија на професионална основа од кои по нивната употреба настануваат отпадни производи,
- како **краен корисник**, за свои потреби, увезува производи без посредник;
- на професионална основа увезува **употребувани производи** и за прв пат ги пушта на пазарот во Република Северна Македонија и
- основано во друга земја и **продава производи со помош на комуникација** на далечина директно на крајните корисници во Република Северна Македонија.

**Мал производител** е производителот кој на пазарот во Република Северна Македонија, годишно пушта производи во количини исти или помали од:

- текстил 10 кг или помалку,
- гуми 100 кг или помалку,
- масла 100 кг или помалку или
- три возила.

- должен да се регистрира
- да води евиденција и
- да доставува извештај

➢ до 15 јануари секоја година, поднесува барање до стручниот орган за добивање на **решение за мал производител** во кое се наведува и количеството на производ или производи кое производителот има намера да ги пушти на пазарот во Република Северна Македонија во тековната година



# ПРАВИЛА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДОПОЛНИТЕЛНИ ТЕКОВИ НА ОТПАД

- **Собирањето** ги опфаќа **активноста на собирање** на отпадните производи **од место за** собирање **до собирното место за** времено чување и складирање како и сортирање и други постапки за подготовка за транспорт и предавање во инсталација за рециклирање, преработка или отстранување.
- **Собирното место** од може да биде и дел од инсталација каде се врши рециклирање или преработка на отпадните **масла.**
- **Собирачот треба** да има минимум едно собирно место со јавен пат и треба да поседува соодветна дозвола согласно прописте за управување со отпад и кој треба да исполнува одредени минимално технички услови за собирање и складирање согласно овој закон и/или ЗУО.
- Собирачот кој собира отпадни производи, **води евиденција** за колективен или самостоен постапувач, и **ги предава отпадните производи** во инсталација за преработка со формулари за преност на отпад којашто преставува дел од системот на колективен или самостоен постапувач, со кој има склучено договор согласно прописите за проширена одговорност.
- **Преработка-** Дозвола/постапки и начин на преработка, согласно овој закон или Законот за управување со отпад;
- Операторот **-** кој преработвува отпадни производи, **води посебна евиденција и** известува до колективен (со кого има потпишано договор) или самостоен постапувач за количини на преземени и преработени отпадни производи.

# УВОЗ НА ПРОИЗВОДИ И УПОТРЕБУВАНИ ПРОИЗВОДИ

- Царинскиот орган нема да дозволи увоз на производи без производителот да достави потврда за регистрација и регистрациски број добиени согласно со Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.
- Доколку производителот увезува употребувани производи во Република Северна Македонија, на увозот на употребувани производи се применуваат одредбите од овој закон, како да станува збор за увоз на нови производи.

# Член 16
# Водење евиденција и израмнување на податоци

Заради обезбедување на редовно ажурирање на податоците за

- видот и количината на производите што се пуштени на пазарот во Република Северна Македонија, а се определени согласно со прописите за посебните текови на отпад,
- за видот и количината на отпадот што се создава за секој тек одделно, како и за утврдување на степенот на исполнување на националните цели,

се воспоставува систем преку посебно тело за балансирана одговорност на производителите, со цел водење, валидизирање и израмнување на податоците за управување со посебните текови на отпад.

Начинот на воспоставување, организација, управување и работа на ова се уредува со посебен закон.



# БЛАГОДАРМ ЗА ВНИМАНИЕТО!

- A.Karanfilova@moepp.gov.mk